ФОРУМ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА
28 јануари, 2014

# Спроведување на промените за меѓуетничко интегрирано образование во одделните наставни предмети и можности за хармонизација на содржините и методите

Проф. д-р Соња Петровска
Факултет за образовни науки – Штип

# Претпоставка: Меѓуетнички интегрирано образование – потреба и нужност на македонското општество

Моќта и дострелот на образованието во смисла на развој на интеркултурализмот како потреба за хуманизација на современото општество.

ФАКТИ:

- Образованиете како потсистем на општествениот систем има историски контекст, тоа се одвива во рамки на културни традиции, политички, економски и социјални средини кои се фундирани во минатото и можеби немаат врска со сегашниот момент.
- Образование има социјална основа, тоа е обликувано од општествените сили, но и создава социјални последици кои се протегаат и надвор од ѕидовите на училницата и училиштето.
- Образование има и политичка димензија, тоа е под влијание на одлуките на политичките власти и форми на квалитетот на политичкиот живот во општеството.

# Училиштата и наставниците – значајни фактори за градење на интеркултурно општество

**Македонски образовен контекст – основа за развој на етнички интегрирано образование:**
**Закон за основно образование, Концепција за деветгодишно основно образование, Наставни програми.**
**Заклучок:**Експлицитна тенденденција за хуманизација на педагошката дејност изразена низ определби за почитување на човековите права и слободи и недискриминација (принципи и цели на нашето основно образование, индикатори за вреднување на квалитетот на работата на училиштата посебно во подрачјата: Положба на учениците и Училишна клима).

# Македонски образовен контекст – основа за развој на етнички интегрирано образование:

**Иницијално образование на одделенските наставници**

***1. Студиски предмети:*** Мултикултурно образование, Инклузивно образование, Етика, Религиски системи, Организација на училишна установа (Низ овие предмети се третира мултикултурализмот на теориско, сознајно и практично ниво со цел да се подготват наставниците за соочување со континуираниот пораст на диверзитетот, по различни основи – социјален, културен, етнички, на учениците и нивно оспособување за живеење во мултикултурно, инклузивно и толерантно општество.

***2. Предметни програми на педагошките и дидактичко методичките дисциплини*** .

# ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА СИТЕ НИВОА
(Резултати/исходи)

1. НАШИТЕ ДЕЦА И МЛАДИ СЕ ПОМАСОВНО ЖИВЕАТ „ЗАРОБЕНИ“ ВО СВЕТОТ НА СВОИТЕ ЕТНИЧКИ КУЛТУРИ!
2. ЗАРОБЕНОСТА ПО ДЕФИНИЦИЈА ПРЕДИЗВИКУВА ГНЕВ, ОСАМЕНОСТ И РАЗВИВА НЕГАТИВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ОДБРАНА ВТЕМЕЛЕНИ НА СТАВОТ – ОНОЈ ДРУГИОТ Е ВИНОВЕН!

# Постои потреба за развој на интеркултурното образование и образование за развој на интеркултурализмот

**Интеркултурно образование:**

- **Подобро разбирање на културите,**

- Комуникација меѓу луѓе кои припаѓаат на различни култури,

- **Флексибилен став кон културните различности во дадено општество,**

- **Подготвеност кај луѓето активно да се вклучат во социјална интеракција со луѓе од други култури и препознавање на основните карактеристики на човековата природа како нешто што за сите е заедничко.** (Ouellet, F. 1991)

**Образование за развој на интеркултурализам**

**Компетентен наставник: знаења, способности, вештини и ставови.**

# Предлог за осовременување на предметната програма по – Училишна педагогија (Одделенска настава)

**Постојни:**

**Цели/компетенции**

- Стекнување на знаења, вештини и способности за планирање, организирање, реализирање и вреднување на воннаставните воспитно - образовни активности.

**Содржини**

- Структура и воспитно образовна моќ на воннаставните активности во основното училиште.

**Промени:**

**Збогатување на содржината со примери за практична имплементација на активности кои помагаат за развој на кометенциите на наставниците за работа во мултикултурна средина и со теориски сознанија во врска со карактеристиките на зеднички воннаставни активности на етнички/јазично мешани групи на ученици (општествено корисна работа, културни активности, екскурзии, натпревари, проекти...)**

- **Постојни:**
- **Цели/компетенции**
- Стекнување на знаења, вештини и способности за развојно планирање и развој и структурирање на годишна програма;
- **Содржини**
- Основни детерминанти на училишната структура, култура и клима; Карактеристики на училишниот менаџмент;
- Планирање и програмирање на работата на училиштето - развојно планирање и годишна програма (организациски и педагошки карактеристики на процесот).
- **Промени:**
- **Содржини во врска со индикатори за мерење на квалитетот на работата на училиштето по однос на неговите капацитети за развој на интеркултуралноста и пристапи и фази во процесот на создавање на интеркултурни училишта (Banks, 1999; *Paul C. Gorski*, 2000).**